Бр. 02-2580/3/22
12.07.2022 година

Врз основа на член 383 и член 417 од Законот за трговските друштва (Службен весник на РМ бр.28/04, со сите измени), член 17 од Законот за инвестициски фондови (Службен весник на РМ бр.12/09, со сите измени), член 22 од Статутот на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови КБ Публикум инвест АД Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото за управување), Одлуката за измена на Статутот на Друштвото за управување бр.02-716/1 од 02.12.2009 година, Одлуката за измена на Статутот на Друштвото за управување бр.02-766/1/11 од 27.04.2011 година, Одлуката за измена на Статутот на Друштвото за управување бр.02-399/1/13 од 06.02.2013 година, Одлуката за зголемување на основна главнина со влогови со издавање на нови акции од втора емисија по пат на приватна понуда бр.02-399/1/13 од 06.02.2013 година и Решение УП 1 бр.07-3 од 22.02.2013 година за одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда од Комисијата за хартии од вредност, Одлуката за измена на Статутот на Друштвото за управување бр.02-1665/1/17 од 19.04.2017 година, како и Одлуката за измена на Статутот на Друштвото за управување бр.02-2120/1/22 од 22.06.2022 година, Одборот на Директори на Друштвото за управување, врз основа на согласност на неговите членови, на ден 12.07.2022 година подготви:

# С Т А Т У Т

на Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови
КБ Публикум инвест АД Скопје

**(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се уредува основањето и работењето на друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови, во согласност со законската и подзаконската регулатива.

### Член 2

Друштвото за управување со отворени и затворени инвестициски фондови е акционерско друштво кое врши работи на основање и управување со инвестициски фондови, односно вложување на парични средства во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови и во име и за сметка на акционерите на затворените инвестициски фондови и врши други работи согласно со закон и овој Статут.

## Член 3

Акционерите на Друштвото за управување со овој Статут во согласност со постојната регулатива ги уредуваат:

- Фирма и седиште на Друштвото за управување;
- Предмет на работење на Друштвото за управување;
- Почетен капитал;
- Предности и поволности на акционерите;
- Управување и одлучување;
- Основање и управување со инвестициските фондови;
- Вложување на средствата на Друштвото за управување;
- Годишен извештај, финансиски извештаи и распределба на добивката;
- Објавување на податоци и информирање на сопствениците на удели во инвестициските фондови;
- Времетраење на Друштвото за управување и престанок;
- Статут и други акти на Друштвото за управување; и
- Завршни одредби.

# II. ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

## Член 4

Друштвото за управување ќе работи и учествува во правниот промет под фирмата: **Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови КБ Публикум инвест АД Скопје.**

Скратениот назив на Друштвото за управување гласи**: КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД СКОПЈЕ.**

Во меѓународната комуникација и надворешно трговскиот промет Друштвото за управување ќе настапува со латинично писмо со следниот назив: **KB PUBLIKUM INVEST AD SKOPJE**.

## Член 5

Седиштето на Друштвото за управување е во Скопје, на ул. Св. Кирил и Методиј бр. 50.

## Член 6

За промена на фирмата и седиштето на Друштвото за управување одлучува Собранието на Друштвото за управување.

Со одлуката за промена на фирмата и седиштето на Друштвото за управување во исто време се одлучува и за новата фирма и седиште на Друштвото за управување.

**Член 7**

Друштвото за управување има печат, штембил и заштитен знак.

**Член 8**

Печатот на Друштвото за управување е во тркалезна форма со пречник од 3 см и во кругот е напишан текст на скратениот назив на Друштвото за управување.
Текстот напишан на печатот гласи:
КБ Публикум инвест АД Скопје

**Член 9**

Штембилот на Друштвото за управување е во правоаголна форма со димензии 6 см должина и 3 см ширина во кој е испишан истиот текст од печатот со тоа што има простор за број и датум.

**Член 10**

Формата и содржината на заштитниот знак и неговата употреба ја определува Одборот на директори.

**Член 11**

Печатот и штембилот се употребуваат на сите општи и поединечни акти и во кореспонденција на Друштвото за управување со трети лица.

## III. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

**Член 12**

Предмет на работење на Друштвото за управување е основање и управување со отворени и затворени инвестициски фондови врз основа на издадено одобрение од Комисијата за хартии од вредност.
Друштвото врши работи во свое име, а за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови, односно во име и за сметка на акционерите во затворените фондови, согласно закон.
Работи на управување со инвестициски фондови кои ги врши Друштвото за управување се:

1) управување со имотот на инвестицискиот фонд;

2) рекламирање на инвестициските фондови и продажба на удели во отворените инвестициски фондови, односно акции во затворените инвестициски фондови;

3) административни работи кои се однесуваат на:

- водење на деловни книги и сметки и изготвување на финансиски извештаи;
- воспоставување и одржување на односи со вложувачите;
- утврдување на вредноста на имотот на инвестицискиот фонд и пресметка на цената на уделот;
- усогласување на работењето на Друштвото за управување со законите и други прописи;
- објавувања и известувања на акционерите и сопствениците на удели;
- распределба на добивката на инвестицискиот фонд;
- издавање и откуп на удели во отворените инвестициски фондови и
- водење регистар на сопствениците на удели, односно акционерите.

## IV.ПОЧЕТЕН КАПИТАЛ

### Износ на почетен капитал

### Член 13

Висината на почетниот капитал на Друштвото за управување изнесува 700.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ и се состои од парични влогови.

### Член 14

Почетниот капитал на Друштвото за управување е поделен на 700 обични акции, секоја со номинална вредност од 1.000,00 евра по акција, во денарска противвредност според среден курс на НБРСМ.

Акциите гласат на име и секоја акција дава право на еден глас во Собранието на Друштвото за управување.

### Член 15

Акционерите се запишуваат во книгата на акции на Друштвото за управување која што се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во електронска форма.

Спрема Друштвото за управување за акционер се смета секое лице запишано во акционерската книга, што се води во Централниот депозитар за хартии од вредност.

**Член 16**

Правните односи помеѓу акционерите и Друштвото за управување се регулираат согласно со закон.

**Зголемување на почетниот капитал**

**Член 17**

Одлука за зголемување на почетниот капитал донесува Собранието на Друштвото за управување.

Одлуката за зголемување на почетниот капитал се донесува со две третини од акциите претставени на Собранието на Друштвото за управување.

**Намалување на почетниот капитал**

**Член 18**

Намалување на почетниот капитал се врши со одлука на Собранието на Друштвото за управување, при што со истата не може да се врши намалување на почетниот капитал под минималниот износ определен со закон.

Одлуката за намалување на почетниот капитал се донесува со две третини од акциите претставени на Собранието на Друштвото за управување.

## V. ПРЕДНОСТИ И ПОВОЛНОСТИ НА АКЦИОНЕРИТЕ

**Член 19**

Основачите како акционери на Друштвото за управување согласно со нивното учество во почетниот капитал имаат еднакви права во Друштвото за управување.

Се исклучува секакво давање на одделни поволности и права на основачите односно акционерите, или ограничување на одделни права и наметнување на дополнителни обврски.

## VI. УПРАВУВАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ

### СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

**Член 20**

Акционерите на Друштвото за управување своите права и интереси во Друштвото за управување ги остваруваат на Собранието на Друштвото за управување.

Собранието на Друштвото за управување го сочинуваат сите акционери.

Секој акционер може да овласти полномошник на Собранието, со писмено полномошно заверено кај нотар, согласно Законот за трговските друштва.

## Начин на работа и свикување на Собранието на Друштвото за управување

### Член 21

Собранието на Друштвото за управување работи на седници кои се свикуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно се одржува годишно собрание.

За седница на Собранието на акционери, акционерите може да користат соодветно телекомуникациско средство под услов да се воспостави телекомуникациска врска на Друштвото за управување со акционерот и на сигурен начин да може да се утврди идентитетот на акционерот, односно полномошникот на акционерот кој користи телекомуникациска врска.

Јавното комуникациско средство кое ќе може да се користи при одржувањето на Собранието на акционери на Друштвото за управување, а кое се најавува во поканата, односно повикот за одржување на Собранието на акционери и пријавата за учество на Собранието од страна на акционерите, задолжително обезбедува на секој акционер достапност на гласање, и можност јасно да се утврди и евидентира извршеното гласање.

Подетално начинот на одржување на Собранието на акционери преку користење на јавно комуникациско средство се уредува со Деловникот за работа на собранието на акционери.

Акционерот кој користи телекомуникациска врска се смета за присутен на Собранието на акционери и го сочинува кворумот за работа на Собранието.

## Надлежност на Собранието на Друштвото за управување

### Член 22

Собранието на Друштвото за управување одлучува за:

1. измена на Статутот;
2. одобрување на годишната сметка, финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Друштвото за управување во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;
3. одобрување на финансиските извештаи на инвестициските фондови со кои управува Друштвото за управување;
4. избор и отповикување на членовите на Одборот на директори;
5. одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото за управување на членовите на Одборот на директори;

6. зголемување и намалување на почетниот капитал на Друштвото за управување;
7. издавање акции и други хартии од вредност;
8. назначување овластен ревизор за ревизија на финансиските извештаи;
9. престанување на Друштвото за управување; и
10. други случаи утврдени со закон.

**Член 23**

На Годишното собрание на акционери се:

1. разгледуваат и се усвојуваат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на Друштвото за управување и фондовите во претходната деловна година;
2. одлучува за употреба на чистата добивка или за покривање на загубата; и
3. се одобрува работата на членовите на Одборот на директори.

## Свикување на Собранието на Друштвото за управување и работа на Собранието

**Член 24**

Собранието на Друштвото за управување го свикува Одборот на директори.

Доколку Одборот на директори не го свика Собранието на акционери навреме, тоа можат да го стори акционер согласно закон.

**Член 25**

Собранието се свикува со праќање на покана до акционерите запишани во книгата на акционери на Друштвото за управување преку препорачана пратка.

Собранието на Друштвото за управување може да биде свикано и со објавување на повик до акционерите, објавен во најмалку еден дневен весник.

Поканата за седница на Собранието на Друштвото за управување ги содржи елементите утврдени со закон.

Рокот кој тече од денот на објавувањето на повикот, односно денот на испраќање на поканата за седница, до денот на одржување на Собранието на акционери не може да биде пократок од 30 дена.

**Член 26**

Со седниците на Собранието на Друштвото за управување претседава Претседавач.

Претседавачот на Собранието се избира за секое одделно Собрание.

Мандатот на Претседавачот со Собранието, трае до изборот на новиот Претседавач на Собранието.

За Претседавач може да биде избран секој акционер или лице кое го застапува акционерот.

**Член 27**

Дневниот ред на Собранието на акционерите го утврдува свикувачот на седницата на Собранието на Друштвото за управување.

Секој акционер има право да поднесува иницијатива за вклучување на точки на дневен ред на Собрание кое ќе се свика, во согласност со законот.

**Член 28**

На Собранието на акционери може да се одлучува само за прашања што се ставени на дневен ред на седницата.

Собранието може да расправа без право на одлучување и за прашања кои не се ставени на дневен ред на Собранието.

**Пријавување на учество на Собрание на Друштвото за управување**

**Член 29**

Секој акционер своето учество на Собрание го пријавува најдоцна пред почетокот на седницата на закажанато Собрание.

Списокот на пријавените акционери од став 1 на овој член се става на увид во седиштето на Друштвото за управување.

Списокот на пријавените акционери, свикувачот на Собранието го споредува со состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност четириесет и осум часа пред одржувањето на седницата на Собранието.

Списокот од став 3 на овој член, пред одржување на Собранието го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер, со што го потврдува - верификува своето присуство.

На акционерите, односно полномошниците на акционери кои го најавиле своето присуство на седницата на Собранието на акционери преку користење на соодветно телекомуникациско средство, пред почетокот на одржување на седницата на Собранието на акционери преку факс или друго електронско средство им се доставува за верификација списокот на пријавени акционери, претходно потпишан од страна на другите присутни акционери, односно полномошници на акционерите присутни во Друштвото, кој список го потпишуваат и повратно го доставуваат на истиот начин. Потпишаниот список, со свој потпис го заверуваат Претседавачот со Собранието и записничарот.

Заверениот список од став 5 на овој член им се дава на увид на сите учесници на Собранието, лично, преку факс или друго средство, пред првото гласање.

## Кворум за работа и мнозинство за одлучување

### Член 30

Собранието на Друштвото за управување може да работи ако на седницата присуствуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас.

### Член 31

Одлуките на Собранието на акционери се донесува со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието, освен ако со закон и овој Статут не е предвидено друго мнозинство.

## Начин на гласање

### Член 32

Гласањето на Собранието на акционерите по сите прашања ставени на дневен ред е јавно. По барање на акционер, односно акционери со најмалку 1/10 акции од вкупниот број на акции со право на глас, гласањето може да се спроведе тајно.

За броење на гласовите, Собранието избира најмалку еден бројач на гласови.

Акционерите, односно полномошниците на акционерите кои на Собранието користат соодветна телекомуникациска врска, правото на глас го остварува со користење на избраното телекомуникациско средство преку кое со сигурност може да се евидентира извршеното гласање.

Акционерите може да гласаат и пред денот на одржување на Собранието, преку гласање со коресподенција во согласност со закон и Деловникот за работа на собранието на акционери.

### Член 33

Доколку на Собранието на акционери, согласно член 32, став 1 се исполнат условите за спроведување на тајно гласање, а на седницата се користи јавно телекомуникациско средство, во тој случај се прекинува седницата и се донесува одлука за продолжување на прекината седница со која се определува времето и местото на продолжување на седница. Одложувањето на седницата не може да биде подолго од 8 дена.

Доколку Собранието на акционери не донесе одлука за продолжување на работа на седницата во тој случај Претседавачот го определува времето и местото на продолжување на прекинатата седница.

На продолжената седница нема да може да се користи јавно телекомуникациско средство.

Подетално начинот на спроведување на тајното гласање и тоа: изборот на комисијата за спроведување на тајното гласање, гласачкото ливче, содржината, односно предлогот за кој треба да се гласа, спроведувањето на гласањето, утврдувањето на резултатите од спроведеното гласање и сл. се утврдува со Деловникот за работа на собранието на акционери.

**Влегување во сила на одлуките донесени на Собрание на Друштвото за управување**

**Член 34**

Одлуките донесени на Собрание на Друштвото за управување по правило влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен кога во зависност од природата на одлуката што се донесува на Собранието, со истата не се определи друг рок на влегување во сила на таа одлука.

**Записник за седницата на Собранието**

**Член 35**

За работата на Собранието се води записник, кој го потпишува записничарот и претседавачот на Собранието, а го заверуваат заверувачи на записникот, избрани од страна на Собранието.

За случаите утврдени со закон кога записникот го води нотар, записникот го потпишуваат нотарот и претседавачот на Собранието.

## ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

**Член 36**

Одборот на директори брои пет (5) члена кои ги избира Собранието на акционери со мнозинство гласови од претставените акционери на Собранието.

Одборот на директори се состои од три (3) неизвршни членови и два (2) извршни членови.

Еден член од неизвршните членови на Одборот на директори е независен член.

**Член 37**

За член на Одборот на директори може да биде избрано лице кое:

1. има високо образование;
2. има работно искуство од најмалку три (3) години во областа на правото, банкарството, сметководството, осигурувањето, управувањето со средства и инвестирање, управувањето со пензиски фондови и финансиски услуги и научна дејност од областа на финансиите; и
3. да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност предмет на Друштвото за управување.

Членовите на Одборот на директори се избираат за период од четири (4) години.

Членовите на Одборот на директори можат повторно да бидат именувани без разлика колку мандати претходно биле членови на Одборот на директори.

**Член 38**

Одборот на директори од редот на неизвршните членови избира Претседател на Одборот на директори.

**Член 39**

Претседателот на Одборот на директори ги свикува и претседава со состаноците на Одборот на директори.

**Член 40**

Извршните членови на Одборот на директори се избираат од редот на членовите на Одборот на директори со јавно гласање со мнозинство гласови од сите членови на Одборот на директори.

Извршните членови на Одборот на директори носат назив главен извршен директор, односно извршен директор.

Мандатот на извршните директори е четири (4) години.

Извршните директори може повторно да бидат именувани ако се избрани за член на Одборот на директори.

**Надлежности на Одборот на директори**

**Член 41**

Одборот на директори има најшироки овластувања за дејствување во сите околности во име на Друштвото за управување.

Одборот на директори ги има сите овластувања, освен оние кои се во надлежност на Собранието на акционери.

## Свикување на седници на Одбор на директори

### Член 42

Седниците на Одборот на директори се свикуваат и неговата работа подетално се уредува со Деловник за работа на Одборот на директори.

## Кворум и мнозинство на одлучување

### Член 43

Одборот на директори може да работи и да одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови, од кои бројот на присутните неизвршни членови мора да биде поголем од бројот на присутните извршни членови на Одборот на директори.

Одборот на директори ги донесува одлуките со мнозинство гласови од определениот кворум во претходниот став на овој член, ако со закон и овој Статут не е определено поголемо мнозинство.

### Член 44

Членовите на Одборот на директори можат да учествуваат и одлучуваат на состанок организиран со користење на телефонска врска или друга комуникациска опрема, така што сите членови кои учествуваат на состанокот да можат да се слушаат, гледаат и да разговараат.

Записникот од така организираниот состанок го потпишуваат сите членови кои учествувале на состанокот, а потписот можат да го дадат преку факс или скениран.

### Член 45

Одборот на директори може да одлучува и ако сите членови дадат согласност и без одржување на состанок.

Давањето на согласноста може да биде со своерачен потпис испратен по факс или по електронски пат на предлог одлуката.

### Член 46

Одборот на директори може да именува комисии од редот на своите членови и други лица кои ќе му помагаат во работењето на Одборот на директори.

Комисиите немаат право на одлучување за работи од надлежност на Одборот на директори.

## Надлежности на извршните директори

## Член 47

Извршните директори го застапуваат Друштвото за управување во односите со трети лица и се одговорни за работењето на Друштвото за управување.

Извршните директори го застапуваат Друштвото за управување и ги потпишуваат актите самостојно. Извршните директори во вршење на работите од нивната надлежност сврзани со работењето и тековните активности на Друштвото за управување, задолжително прибавуваат одобрение од Одборот на директори за работи со вредност поголема од 5% од сопствените средства на Друштвото за управување.

Застапувањето и потпишувањето на актите подетално се уредува со посебен акт на Одборот на директори.

## Член 48

Во случај на отсуство на извршните директори, Друштвото за управување го застапуваат и ги потпишуваат актите лицата овластени од страна на главниот извршен директор на начин определен во полномоштво.

## Член 49

Главниот извршен директор за извршување на работите на Друштвото за управување може да даде полномоштво во границите на своите овластувања.

## Член 50

При водењето на работите на Друштвото за управување, извршните директори се обврзани особено:

- да обезбедат Друштвото за управување да работи во согласност со прописите; и
- да обезбедат Друштвото за управување ажурно да ги води книгите и другата документација сврзана со работењето на Друштвото за управување и редовно да ги доставуваат информациите и извештаите до надлежните органи.

## Член 51

Извршните директори редовно го известуваат Одборот на директори пред сè за:

- планираната деловна политика и други начелни прашања сврзани со работењето на Друштвото;
- тековните активности и финансиската состојба на Друштвото за управување;
- за работи кои значително влијаеле на платежната способност на Друштвото за управување;
- спроведувањето на прифатената деловна политика;
- други активности од значење за Друштвото за управување во однос на инвестиционата политика со средствата на инвестициските фондови со кои управува; и
- други прашања побарани од страна на Одборот на директори.

**Член 52**

Извршните директори мора писмено да го известат Одборот на директори во случаите кога:

- е загрозена ликвидноста и солвентноста на Друштвото за управување;
- ќе настапат услови за одземање на дозволата за управување со инвестициски фондови; и
- финансиската состојба на Друштвото за управување е таква што може да доведе до намалување на почетниот капитал на Друштвото за управување под утврдениот законски минимум.

## VII. ОСНОВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ФОНДОВИ

**Член 53**

На почетокот Друштвото за управување ќе основа и ќе управува со отворени инвестициски фондови, врз основа на одобрение добиено од страна на Комисијата за хартии од вредност.

При основањето на инвестициските фондови, Друштвото за управување донесува Статут и Проспект на инвестицискиот фонд и ги презема сите активности во согласност со Законот за инвестициски фондови и другите прописи, а прибирањето на паричните средства Друштвото за управување ќе започне да го врши преку јавен повик за продажба на удели во отворениот инвестициски фонд.

Статутот, Проспектот и другите акти на инвестициските фондови со кои управува Друштвото за управување ги донесува Одборот на директори на Друштвото за управување.

**Член 54**

Имотот на инвестициските фондовите е одвоен од имотот на Друштвото за управување и за него Друштвото за управување води одвоена евиденција за секој фонд поединечно.

Друштвото располага со имотот на инвестициските фондови во негово име, а за сметка на отворените инвестициски фондови, односно во име и за сметка на затворените инвестициски фондови.

**Член 55**

Друштвото за управување не смее:

- да посредува во купување и продавање на хартии од вредност;
- да оттуѓува или да стекнува хартии од вредност или друг имот на инвестицискиот фонд за своја сметка или за сметка на поврзани лица;
- од средствата на инвестицискиот фонд да купува имот кој не е предвиден ниту со Статутот, ниту со Проспектот;
- да извршува трансакции спротивно на ограничувањата во вложувањата на инвестициските фондови со кои што управува, утврдени со закон;
- да го отуѓува имотот на затворениот инвестициски фонд и имотот кој го создава отворениот инвестициски фонд без надомест;
- да стекнува и отуѓува имот во име на инвестициските фондови со кои управува по цена понеповолна од пазарната цена или проценетата вредност на предметниот имот;
- во свое име и за сметка на отворениот инвестициски фонд, да позајмува средства, освен ако тоа не го прави со цел користење на тие средства за откуп на удели во отворениот инвестициски фонд, и тоа под услов паричните средства расположливи во портфолиото на фондот да не се доволни за таа намена, при што, во случај на таква позајмица, вкупниот износ на обврските кои подлежат на отплата од имотот кој го создава отворениот инвестициски фонд спрема сите договори за заем или кредит не смеат да преминат 10% од нето вредноста на имотот на отворениот инвестициски фонд во моментот на земање на тие позајмици, а во рок не подолг од три месеци;
- да одобрува заеми од имотот на инвестицискиот фонд и да се јавува како гарант во име на трети лица;
- да го користи имотот на инвестицискиот фонд како гаранција при извршување на обврските на друштвото за управување или обврски на трети лица, ниту пак да се користи за извршување на работи под повластени услови од страна на неговите вработени или лица поврзани со нив;
- да договара продажба, купување или пренос на имот помеѓу два инвестициски фонда со кои управува истото друштво за управување под услови различни од пазарните услови или под услови со кои едниот инвестициски фонд се става во поповолна положба од другиот;

- да презема обврски во врска со средствата кои во моментот на преземање на тие обврски не се во сопственост на инвестицискиот фонд;

- за своја сметка да стекнува или отуѓува удели во отворен инвестициски фонд со кој што управува;

- да издава хартии од вредност на отворените инвестициски фондови;

- да го вложува имотот на инвестицискиот фонд во хартии од вредност или други финансиски инструменти кои тоа ги издава;

- за сметка на сопствениците на удели на отворениот инвестициски фонд, или во име и за сметка на акционерите во затворениот инвестициски фонд да продава хартии од вредност, ако хартиите од вредност во моментот на склучување на трансакцијата не влегуваат во имотот на фондот и

- во текот на своето работење да настапува спротивно на интересите на сопствениците на удели или акции.

**Член 56**

Друштвото за управување управува со средствата на инвестициските фондови, со внимание на добар стопанственик и согласно Законот за инвестициски фондови и другите прописи.

Добивката остварена со управување на средствата на инвестициските фондови, се распределува на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови, односно сопствениците на акции во затворените инвестициски фондови, сразмерно на нивното учество во имотот на фондот.

Подетално односите на фондот и Друштвото за управување се уредуваат со Статутот на инвестицискиот фонд.

## VIII. ВЛОЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

**Член 57**

Друштвото за управување при управувањето со сопствените средства е должно да обезбеди континуитет на тековното работење и да ја сочува вредноста на капиталот, преку минимизирање на ризиците од вложувањето на сопствените средства. Друштвото за управување е должно да го чува имотот во постојани и обртни средства наменети за редовното работење и да ги чува и вложува вишоците на средства во депозити и хартии од вредност.

**Член 58**

Друштвото за управување депозитите е должно да ги чува во првокласни, бонитетни, сигурни и високо ликвидни банки кои нудат најдобри услови за депонирање на средствата. Прифатливи хартии од вредност за инвестирање на

средствата на Друштвото кои обезбедуваат високо ниво на ликвидност се државни краткорочни и долгорочни хартии од вредност и удели во инвестициски фондови.

**Член 59**

Покрај обезбедувањето на ликвидност, вложените вишоци на средства на Друштвото за управување потребно е да обезбедат и сигурна добивка. Остварувањето на добивката ќе се реализира преку вложување во хартии од вредност издадени од држава или компании со чии хартии од вредност се тргува на берза, од кои може да се очекува сигурна исплата на дивиденда или камата, односно од кои се очекува да се оствари капитална добивка.

**Член 60**

За да се остварат основните цели во управувањето со сопствениот имот на Друштвото за управување се утврдуваат следните лимити за чување на паричните средства и инвестирање во хартии од вредност:

- Друштвото за управување ќе инвестира неограничено во хартии од вредност и удели во инвестициски фондови;
- Друштвото за управување неограничен износ од паричните средства ќе чува во прифатливи банки;
- Друштвото за управување ќе инвестира во хартии од вредност издадени од финансиски и нефинансиски институции во висина до 50% од сопствените средства на Друштвото за управување.

## IX.ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ, ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА

**Член 61**

Извршните директори на Друштвото за управување по завршување на деловната година изготвуваат и поднесуваат на Одборот на директори годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работење на Друштвото за управување.

Извршните директори по истекот на деловната година изготвуваат и поднесуваат до Одборот на директори и годишни финансиски извештаи за инвестициските фондови со кои управува Друштвото за управување, кои се одвоени од средствата на Друштвото за управување.

Финансиските извештаи на Друштвото за управување и на инвестициските фондови подлежат на ревизија од овластен ревизор определен од Собранието на Друштвото за управување.

На Годишното собрание на Друштвото за управување се разгледуваат и одобруваат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за

работата на Друштвото за управување, како и годишните финансиски извештаи на инвестициските фондови со кои управува Друштвото за управување, за претходната деловна година.

**Член 62**

Собранието на Друштвото за управување по усвојувањето на финансискиот и годишниот извештај за работата на Друштвото за управување, одлучува за распределба на добивката.

Одлуката за распределба на добивката се донесува со две третини од акциите со право на глас, претставени на Собранието на Друштвото за управување.

## X. ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМИРАЊЕ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА УДЕЛИ ВО ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ФОНДОВИ

**Член 63**

Извршните директори треба да обезбедат редовно, навремено и вистинито целосно информирање на акционерите, вработените, сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови и сопствениците на акции во затворените инвестициски фондови и други лица во согласност со прописите.

Со акт на Одборот на директори се определува начинот, формата и содржината на податоците и актите што се објавуваат, а се значајни за акционерите, вработените, сопствениците на удели и акционерите на инвестициските фондови.

## XI.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК

**Член 64**

Друштвото за управување се основа на неопределено време.

**Член 65**

Друштвото за управување може да престане во следните случаи:

- со одлука на Собранието на Друштвото за управување за која се изјасниле најмалку две третини од акционерите претставени на Собранието;
- со правосилна одлука на судот со која е утврдена ништовност на Друштвото за управување;
- стечај;
- присоединување, спојување;
- други случаи утврдени со закон.

## XII. СТАТУТ И ДРУГИ АКТИ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

**Член 66**

Другите прашања што се од значење за работењето на Друштвото за управување, а не се уредени со овој Статут, се уредуваат со други акти на Друштвото за управување, како што се правилник, деловник, правила, одлуки и други акти.

Другите акти, освен актите што се донесуваат на Собранието на акционери на Друштвото за управување ги донесува Одборот на директори на Друштвото за управување и ги потпишува Претседателот на Одборот на директори.

Сите други акти на Друштвото за управување мора да бидат во согласност со Статутот како основен акт на Друштвото за управување. Одредбите кои се во спротивност со Статутот се ништовни.

**Член 67**

Измена на Статутот се врши со одлука на Собранието на Друштвото за управување за која се изјасниле најмалку две третини од акционерите претставени на Собранието.

## XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 68**

За сѐ што не е регулирано со овој Статут ќе се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва, Законот за инвестициски фондови и другите законски и подзаконски прописи.

**Член 69**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на добивање согласност од Комисијата за хартии од вредност и уписот во Трговскиот регистар на Централниот регистар на РС Македонија.

Одбор на директори
Претседател
Ирена Живковиќ Зарева